# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

Број 1, година XLIII
Петок, 13.01.2012
Битола

www.bitola.gov.mk

e-mail:bitola@t-home.mk


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за одбележување на позначајни историски и културни настани за 2012 година во Општината Битола**

1. Ја објавувам Програмата за одбележување на позначајни историски и културни настани за 2012 година во Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 12.01.2012 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-73/1
13.01.2012 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.01.2012 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за одбележување на позначајни историски и културни настани за 2012 година во Општината Битола**

**Јануари:**
- 18 Јануари, раѓањето на Даме Груев (18.01.1871)
- 27 Јануари, почина Богоја Фотев (1900-27.01.1993г)
- 30 Јануари 1951г. Одбележување на смртта на Павел Шатев

**Февруари:**
- 3 февруари, смртта на народниот херој – генералот Васко Карангелевски (03.02.1978 г.)
- 4 Февруари -140 години од раѓањето на Гоце Делчев -1872г. (положување цвеќе на бистата)

**Март:**
- 5 Март – Одбележување на смртта на Милтон Манаки (1882-1964) Положување вцеќе на влашките гробишта – Битола;
- 8 Март – Денот на жената;
- 11 Март 1943 г. – Депортирање на Битолските евреи (посета на спомеником и положување цвеќе во соработка со Сојуз на борци и Друштвото за македонско-еврејско пријателство);
- 11 Март – Св. Великомаченик Агатангел Битолски ;
- 13 Март 2006г. Смртта на Димитрие Османли
- 25 Март 1881 г. – Отворено читалиштето „Просвештение“ во Битола; (јубилеј 130 години)

**Април:**

- 5 Април 1906г.– смртта на Ѓорги Сугарев и неговата чета (положување на цвеќе на Бистата спроти Јавор) ;
- 22 Април 1942 г. – формирање на Битолскиот партизански одред “Пелистер“ (Општина Битола во соработка со Сојуз на Борци) ;
- 22 Април 1915 г. – убиен е македонскиот револуционер Јане Сандански (Положување цвеќе во соработка со СОУ “Јане Сандански“ - Битола) ;
- 28 Април 2001 г. – Во тетовското село Вејце загинаа осум припадници на македонските безбедносни сили (положување цвеќе во соработка со МВР) ;

**Мај:**

- 1 Мај – ден на работникот (Општински синдикален совет) ;
- 2-6 Мај 1903 г. е одржан Смилевскиот конгрес на кој е донесена одлуката за кревање на Илинденското востание (Одбележување во соработка со “Здружение на Граѓани за заштита на ликот и делото на Дамјан Груев“ и НУ Завод и музеј во с. Смилево) ;
- 3 Мај 1942 – загинаа Елпида Караманди, Таки Даскало, Димче Хаџи Поповски, Томаки Димитровски, Мара Јосифова, Јоска Јорданоски и Оцка Михајловски (положување цвеќе на бистите на шеталиштето) ;
- 4 Мај 1903 – загина Гоце Делчев (положување цвеќе кај спомен куќата) ;
- 5 Мај 1894 – формирање на Окружниот комитет на МРО (Совет на Општина Битола) ;
- 7 Мај – Денот на Македонската полиција (Општина Битола во соработка со МВР) ;
- 9 Мај 1945 – Денот на победата над фашизмот и Ден на Европската Унија (Општина Ботола) ;
- 10 Мај – денот на освојување на највисокиот врв на светот Монт Еверест од страна на Димитар Илиевски Муратот (Општината во соработка со планинарскиот клуб Пелистер) ;
- 12 Мај – Смртта на Димче Стефановски – режисер и еден од основачите на Битолскиот народен театар.
- 20 Мај 1836 г. – формирање на Противпожарната служба во Битола (Општина Битола во соработка со Противпожарната единица) ;
- 20 Мај 1943г. – Формирање на Народно-ослободителниот партизански одред Гоце Делчев (Општина Битола во соработка со Сојуз на борци) ;
- 23 Мај – Национален ден на Власите
- 24 Мај – Денот на сесловенските просветители “Св. Кирил и Методиј“ (Општина Битола) ;

**Јуни:**

- 7 Јуни 2001 г. – загинаа тројца битолски резервисти од воената полиција на АРМ (Положување цвеќе во соработка со МВР и АРМ) ;
- 8 Јуни 1944 г. – формирање на Првата Македонска Народноослободителна Ударна Бригада (Општина Битола со Сојуз на борци) ;
- 23 Јуни 1943 г. – загинал Тодор Ангелевски – Строгов (Општина Битола со основното училиште Тодор Ангелевски) ;
- 23 Јуни 1943 г. – загинал Панде Кајзерот (положување цвеќе на бистата на шеталиштето);

**Јули:**

- 6 Јули 1942г. – формирање на Битолско-Преспанскиот Партизански одред Дамјан Груев (Општина Битола со Сојуз на борци) ;
- 7 јули 1921 г. – раѓањето на народниот херој – Ген. Васко Карангелески;
- 14 Јули 1907г. – Битката на ножот (организирање на посета и положување венец “кај Ножот”) ;
- 23 Јули 1946г – смртта на Мирка Гинова (положување цвеќе на бистата) ;

- 23 Јули 1943 г. – загинал Стефче Христовски – Патако (положување цвеќе на бистата на шеталиштето) ;
- 26 Јули 1926 г. – починал Крсте Петков Мисирков (положување цвеќе пред бистата кај Саат кулата) ;

**Август:**
- 2 Август 1903 г. – Кренато Илинденското востание и одржано Првото заседание на АСНОМ во 1944г.;
- 18 Август – денот на АРМ (Општина Битола) ;
- 22 Август 1944 г. – формирање на Седмата Македонска (Битолска) Народно-ослободителна ударна бригада (Општина Битола во соработка со Сојуз на борци) ;
- 29 Август 1905 г. – Обесен е македонскиот Војвода Александар Турунџев на битолскиот Ат-Пазар (Положување цвеќе на бистата)

**Септември:**
- 8 Септември – Денот на осамостојување на Македонија (Општина Битола);
- 8 Септември 1942 г.– формирање на Народно-ослободителниот партизански одред Јане Сандански (Општина Битола со Сојуз на борци);
- 12 Септември 1942 г. – Загинува Стеван Наумов Стив (Општина Битола положување цвеќе на споменикот на шеталиштето) ;
- 21 септември – Светски Ден на мирот – организиран собир на плоштадот „Магнолија“ во соработка со Општина Битола

**Октомври:**
- 6 Октомври 1944 г. – формирање на 49 Битолска дивизија (Општина Битола со Сојуз на борци) ;
- 11 Октомври 1941 г. – почеток на Антифашистичкото востание во Македонија (Општина Битола) ;
- 23 Октомври 1893 г. – Формирање на Македонската Револуционерна Организација (Општина Битола) ;
- 28 Октомври 1921 г. – Роден е Димитар Николовски (Таки Даскало);
- 29 Октомври 1940 г. – роден е Димитрија Чуповски (Општина Битола-пригодно предавање);

**Ноември:**
- 4 Ноември 1944 г. – Ослободување на градот Битола (Општина Битола) ;
- 8 Ноември 1901 г. – Родена е Професорката Ангелина Ташкова;
- 18 Ноември 1944 г. – формирање на Првата Македонско-Егејска Народноослободителна бригада (Општина Битола со Сојуз на борци) ;
- 28 Ноември 1907 г. – убиен е Борис Сарафов (Општина Битола- пригодно предавање);

**Декември:**
- 8 Декември – денот на „Св. Климент Охридски“ (Општина Битола во соработка со Универзитетот и Библиотеката) ;
- 18 Декември – Св. Нектариј Битолски;
- 23 Декември 1906 г. – Смртта на Дамјан Груев (Општина Битола во соработка со „Здружение на Граѓани за заштита на ликот и делото на Дамјан Груев“).

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр.07-20/3 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 12.01.2012 г. | на Советот на Општината Битола |
| Б и т о л а | Силвана Ангелевска |

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.01.2012 година разгледувајќи ја Програмата за одбележување на позначајни историски и културни настани за 2012 година во Општината Битола, донесе

## З А К Л У Ч О К

1. По повод одбележувањето на смртта на Павел Шатев 30.01.1951 година, Советот на Општината Битола предлага да биде реставрирана надгробната плоча.

2. Средствата да бидат обезбедени од Буџетот на Општината Битола.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општината Битола.

4. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл. гласник на Општината Битола“ .

Бр.07-20/3-1 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.01.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за ,,Тумбе-Кафе“ Блок 1 (изменување и дополнување) - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Тумбе-Кафе“ Блок 1 (изменување и дополнување) - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 12.01.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-73/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.01.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 11, 17, 17-а став 1 и 2 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 60/2011- пречистен текст) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.01.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за ,,Тумбе-Кафе“ Блок 1 (изменување и дополнување) - Битола

### Член 1

СЕ ОТПОЧНУВА постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Тумбе-Кафе“ Блок 1 (изменување и дополнување) – Битола.

Границата на овој ДУП е: на југ се движи по осовина на Улица 1, продолжува на запад и север по осовина на Улица 1 се до пресек со пешачката патека, односно продолжува по дел од северната и источната граница на КП Бр. 18124 се до пресек со Улица 1 како почетна точка на опфатот.

Опфатот на вака предложениот Блок има површина од приближно 3,0 ха.

### Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за „Тумбе-Кафе“ Блок 1 (изменување и дополнување) – Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

### Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-20/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.01.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола

(„Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за дел од Градска работна зона м.в. Грегов Бунар Блок 1 - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за дел од Градска работна зона м.в. Грегов Бунар Блок 1 - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 12.01.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-73/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.01.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 11, 17, 17-а став 1 и 2 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 60/2011-пречистен текст) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.01.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
### за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за дел од Градска работна зона м.в. Грегов Бунар Блок 1 - Општина Битола

**Член 1**

СЕ ОТПОЧНУВА постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за дел од Градска работна зона м.в. Грегов Бунар Блок 1 - Општина Битола.

Границите на планскиот опфат се: на север осовина на магистрална улица дефинирана со ГУП за град Битола, на исток осовина на индустриски пат, запад и југ локално патче на кое тангираат КП Бр. 11019, КП Бр. 11017, КП Бр. 11016, КП Бр. 11015, КП Бр. 11014, КП Бр. 11013, КП Бр. 10820/2, КП Бр. 10818, КП Бр. 10817 и КП Бр. 10816.

Опфатот на вака предложениот Блок има површина од приближно 6,0 ха.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за дел од Градска работна зона м.в. Грегов Бунар Блок 1 - Општина Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-20/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.01.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за донесување на УПВНМ за изградба на повеќенаменска стопанска зона КО Буково Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на УПВНМ за изградба на повеќенаменска стопанска зона КО Буково Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 12.01.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-73/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.01.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 26 став 5 алинеја 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр. 60/2011) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.01.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на УПВНМ за изградба на повеќенаменска стопанска зона КО Буково Општина Битола

**Член 1**

СЕ ДОНЕСУВА Одлука за донесување на УПВНМ за изградба на повеќенаменска стопанска зона КО Буково- Општина Битола.

**Член 2**

На североисток границата на урбаниот опфат се движи по осовината на железничката пруга Битола Грција, на југоисток по границата на село Кравари, на југ границата се движи по осовината на магистралниот пат Битола-Грција и границите на КП Бр. 443, КП Бр. 451, КП Бр. 450, КП Бр. 1059, КП Бр. 1051, КП Бр. 1052, КП Бр. 1050, КП Бр. 1010, КП Бр. 1014, КП Бр. 1008, КП Бр. 477, КП Бр. 478, КП Бр. 479, КП Бр. 480, КП Бр. 481, КП Бр. 1005, КП Бр. 1003, КП Бр. 1002, КП Бр. 504, КП Бр. 503, КП Бр. 501, КП Бр. 498 и КП Бр. 499, на запад и северозапад границата се движи по постоечкиот ГУП на град Битола се до пресекот со железничката пруга, каде се затвора опфатот.

Површината на планскиот опфат за УПВНМ за изградба на повеќенаменска стопанска зона КО Буково - Општина Битола изнесува 28,9 ха. со плански период 2009-2019 г.

**Член 3**

УПВНМ за изградба на повеќенаменска стопанска зона КО Буково- Општина Битола се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

УПВНМ за изградба на повеќенаменска стопанска зона КО Буково - Општина Битола се заверува со потпис и печат од доносителот на планот.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-20/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.01.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на ФК „Пелистер“ - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на ФК „Пелистер“ - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 12.01.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-73/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.01.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 4 од Одлуката за определување на критериуми за одредување на финнсиска помош од Буџетот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 15/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.01.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на ФК „Пелистер“ - Битола

**Член 1**

На ФК „Пелистер“ - Битола му се доделуваат 1.500.000 денари од Буџетот на Општината Битола, за реализирање на програмски активности.

**Член 2**

Се задолжува ФК „Пелистер“ да достави повратна информација за тоа кои активности се финансирани од добиените средства.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-20/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.01.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 12.01.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-73/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.01.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 100 и 110 од Законот за социјална заштита („Сл. Весник на РМ“ бр. 79/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.01.2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Битола

1. Од Управниот одбор на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Битола се разрешува Јасна Дурлова, а се именува Цветан Филиповски, од Битола, дипл.дефектолог,сурдолог, ул. „Мирка Гинова“ бр. 11/26.

2. Примерок од решението да се достави до именуваните и Установата.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл. гласник на Општината Битола“ .

Бр.07-20/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.01.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 12.01.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-73/7 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 13.01.2012 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | м-р Владимир Талески |

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 05/02), член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл. Весник на РМ“ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.01.2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола

1. Од Управниот одбор во ЈП „Пазари“ Битола се разрешува Чурановски Љупчо, а се именува Никола Пипилев, од Битола, економист по менаџмент, ул. „Маршал Тито„ бр. 94/5.

2. Примерок од решението да се достави до именуваните и Јавното претпријатие.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл. гласник на Општината Битола“ .

| | |
|---|---|
| Бр.07-20/9 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 12.01.2012 г. | на Советот на Општината Битола |
| Б и т о л а | Силвана Ангелевска |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на ЈП „Комуналец“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на ЈП „Комуналец“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 12.01.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-73/8 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 13.01.2012 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | м-р Владимир Талески |

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 05/02), член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл. Весник на РМ“ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.01.2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување членови во Управниот одбор на ЈП „Комуналец“ Битола

1. Од Управниот одбор во ЈП „Комуналец“ Битола се разрешуваат Николина Атанасовска и Борче Коруновски, а се именуваат Димитар Ѓоргиевски, од Битола, дипл. археолог, ул. „Козара“ бр. 33 и Роберт Попчановски, од с. Лопатица, дипл.маш.инж.

2. Примерок од решението да се достави до именуваните и Јавното претпријатие.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл. гласник на Општината Битола“ .

| | |
|---|---|
| Бр.07-20/10 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 12.01.2012 г. | на Советот на Општината Битола |
| Б и т о л а | Силвана Ангелевска |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Одборот за материјално-финансиското работење во ЈП „Комуналец“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Одборот за материјално-финансиското работење во ЈП „Комуналец“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 12.01.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-73/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.01.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 05/02), член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл. Весник на РМ“ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.01.2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Одборот за материјално-финансиското работење во ЈП „Комуналец“ Битола

1. Од Одборот за материјално-финансиското работење во ЈП „Комуналец“ Битола се разрешува Томислав Мишмановски, а се предлага Ленче Кочовска, од Битола, дипл. економист, ул. „Босанска“ бр. 93.

2. Примерок од решението да се достави до именуваните и Јавното претпријатие.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл. гласник на Општината Битола“ .

Бр.07-20/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.01.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈП „Нискоградба“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈП „Нискоградба“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 12.01.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-73/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.01.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 05/02), член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл. Весник на РМ“ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.01.2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈП „Нискоградба“ Битола

1. Од Управниот одбор на ЈП „Нискоградба“ Битола се разрешува Александар Бандевски, а се именува Богдан Докулевски, од Битола, дипл. јавен администратор, ул. „Васко Карангелевски“ бр. 3/40.

2. Примерок од решението да се достави до именуваните и Јавното претпријатие.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл. гласник на Општината Битола“ .

Бр.07-20/12
12.01.2012 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Силвана Ангелевска

# С О Д Р Ж И Н А

ПРОГРАМА За одбележување на позначајни историски и културни настани за 2012 година во Општината Битола ............ 1

О Д Л У К А за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Тумбе-Кафе“ Блок 1 (изменување и дополнување) - Битола............ 4

О Д Л У К А за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за дел од Градска работна зона м.в. Грегов Бунар Блок 1 - Општина Битола ......... 5

О Д Л У К А за донесување на УПВНМ за изградба на повеќенаменска стопанска зона КО Буково Општина Битола ........................... 6

О Д Л У К А за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на ФК „Пелистер“ - Битола ................................. 7

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Битола ................................. 7

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола................................................ 8

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Управниот одбор на ЈП „Комуналец“ Битола ................................... 8

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Одборот за материјално-финансиското работење во ЈП „Комуналец“ Битола......................................... 9

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈП „Нискоградба“ Битола................................... 10

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211